Врз основа на член 24 став (1) точка 1) алинеја 18 и член 43 став (3) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19 и 236/22) и член 26 став (3) од Правилникот за лиценци („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 51/19, 54/19, 214/19, 114/20, 246/20 и 44/21), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 4 април 2024 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА ЗА ПРОБНА РАБОТА**

1. Се продолжува лиценцата за пробна работа од фотонапонска електроцентрала ФЕЦ “ЕНЕРЏИ ХОЛДИНГ 3 – ГРАДСКО БАЛДОВЦИ”, издадена на Друштвото за производство, трговија и услуги ЕНЕРГИ ХОЛДИНГ ДООЕЛ Струмица со Одлука за издавање на лиценца за пробна работа („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 155/23).
2. Во Прилог 1 точка 4 зборовите “13 април 2024 година” се заменуваат со зборовите “13 јануари 2025 година”.
3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија.

**О б р а з л о ж е н и е**

Друштвото за производство, трговија и услуги ЕНЕРГИ ХОЛДИНГ ДООЕЛ Струмица, со седиште на ул. “Ленинова” бр. 44 ГТЦ ГЛОАЛ/кат 3 Струмица (во понатамошниот текст: Друштво), на 26 март 2024 година до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика), во согласност со Правилникот за лиценци, поднесе Барање за продолжување на лиценца за пробна работа од фотонапонска електроцентрала ФЕЦ „ЕНЕРЏИ ХОЛДИНГ 3 – ГРАДСКО БАЛДОВЦИ”, преку која треба да ја врши енергетската дејност производство на електрична енергија, УП1 бр.12-191/24 од 26 март 2024 година.

Регулаторна комисија за енергетика, на Барање на Друштвото, соодветно има донесено Одлука за издавање на лиценца за пробна работа за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија за ФЕЦ „ЕНЕРЏИ ХОЛДИНГ 3 – ГРАДСКО БАЛДОВЦИ”, („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 155/23).

Друштвото го достави Барањето и потребната документација наведена во член 7 и Прилог 1 точка 12, односно во Образецот БЛ 12 од Правилникот за лиценци во оригинал.

Друштвото има наведено дека причината за продолжување на лиценцата за пробна работа се бара бидејќи: „Во тек е постапка за физичка делба и купопродажба на земјиште каде што се наоѓа ФЕЦ “ЕНЕРЏИ ХОЛДИНГ 3– ГРАДСКО БАЛДОВЦИ“.

Регулаторната комисија за енергетика утврди дека поднесеното Барање е потполно и согласно член 5 став (4) од Деловникот за работа со Решение бр. 02-680/1 од 4 април 2024 година, одлучи да се одржи седница за донесување на оваа одлука без одржување на подготвителна седница.

Регулаторната комисија за енергетика на 4 април 2024 година одржа седница на којашто врз основа на член 24 став (1) точка 1) алинеја 18 и член 43 став (3) од Законот за енергетика* и член 26 став (3) од Правилникот за лиценци, донесе Одлука за продолжување на лиценца за пробна работа

на фотонапонска електроцентрала ФЕЦ „ЕНЕРЏИ ХОЛДИНГ 3– ГРАДСКО БАЛДОВЦИ" на Друштвото за производство, трговија и услуги ЕНЕРГИ ХОЛДИНГ ДООЕЛ Струмица.

Имајќи го предвид горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука може да се поведе управен спор, во рок од 30 дена од денот на приемот.

**УП1 бр.12-191/24**
**4 април 2024 година**
**Скопје**

**Заменик претседател на**
**Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и**
**услуги за управување со комунален отпад**
**на Република Северна Македонија**
**Lirim Sulejmani**